РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-1366/4
19 -09- 2024 година

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот: ., со адреса на ул. поднесено на 13.09.2024 година, директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето поднесено од заведено под број 08-1366/1 од 13.09.2024 година, прецизирано на ден 17.09.2024 година, СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да достави до барателот Извадок од Записник за 58-та седница на Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, одржана на 20.08.2024 година, во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Барателот до Агенцијата за администрација на ден 13.09.2024 година поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат следните информации од јавен карактер:

*Записник од одржана седница на Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен одржана на ден 20.08.2024 година и сите списи од седницата.*

На ден 17.09.2024 година, од страна на службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер, по пат на електронска кореспонденција му беше укажано на барателот дека е потребно да го прецизира односно дополни барањето во делот „сите списи од седницата“, воедно укажувајќи му и на последиците доколку не го стори тоа во рок од три дена од денот на известувањето. Истото, врз основа на член 17 став (1), (3) и (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а од причина што наведениот дел од барањето не

се однесува на конкретна информација односно конкретен документ кој Агенцијата за администрација го создала или со кој располага.

По укажувањето, барателот истиот ден, односно на 17.09.2024 година по пат на електронска кореспонденција заведена во списите на предметот под број 08-1366/3, го наведе следното: „Делот со списите го тргам од барањето, Ве замолувам само Записникот од одржаната седница да ми го доставите согласно барањето.“.

Имајќи го предвид фактот дека барањето по неговото прецизирање ги исполнува условите од член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараните информации од јавен карактер, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против донесеното решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР,

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS

Изработил:

Согласен:

Доставено до:

- Директор;
- Барателот на информацијата;
- Сектор за правни работи и
- Архива.